Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-372/7
Датум: 22-07-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 372/1 од 15.04.2024 година, поднесена од [redacted] со живеалиште на адреса на [redacted] Скопје за сторена дискриминација врз основ на лично својство во областа на работата и работните односи против [redacted] од Државен Управен инспекторат, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.07.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на лично својство** во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] од Државен управен инспекторат кон [redacted]

## Образложение

На 15.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 372/1 од страна на подносителот [redacted] за сторена дискриминација врз основ на лично својство во областа на работата и работните односи сторена од страна на [redacted] од Државен управен инспекторат.

Подносителот на претставката наведува дека претставката ја доставува против [redacted] од Државен управен инспекторат во врска со нејзиното постапување по месечен план за редовен инспекциски надзор во општина Чаир во однос некадровската екипираност и поставеност на инспекциска служба. Подносителот наведува дека раководи со одделение во инспекциска служба на општина Чаир од 2006 година, со назив на работно место Виш инспектор за инспекциски надзор, со статус на инспектор, со звање Б4-Виш инспектор по Законот за инспекциски надзор, Правилникот за систематизација на работните места во општина Чаир и има 30 години континуирано работно искуство како инспектор. Подносителот тврди дека при редовен инспекциски надзор од старана на [redacted] од Државен управен инспекторат извршена е дискриминација кон него односно утврдила неправилност кон него со тоа што не му е издадена службена легитимација и значка. Подносителот тврди дека на ниту еден друг инспектор во инспекциската служба во Чаир не им е издадена службена легитимација и значка. Тој исто така, наведува дека и други управни инспектори при вршење на вонреден инспекциски надзор во општина Чаир меѓу другото извршиле и увид во неговото работно место и никој од нив не констатирал никакви неправилности. Во претставката е наведено дека Записникот од инспекцискиот надзор ИП1 Број 09-1662 од 29.11.2023 година не е потпишан од Градоначалникот на општина Чаир, туку е потпишан без никакви забелешки од неовластено лице, а [redacted] прифатила Записникот да биде потпишан од

неовластеното лице. [redacted] на 03.01.2024 година до Инспекцискиот совет доставил претставка за работата на [redacted] од Државниот управен инспекторат. Инспекцискиот совет му одговорил дека наводите во претставката не се основани при што истата се смета за затворена. Со увид во списите од предметот по неговата претставка преку механизмот за пристап до информации од јавен карактер подносителот утврдил дека Инспекцискиот совет не разгледал ниту еден навод во неговата претставка. Затоа на 13.03.2024 година поднел до Инспекцискиот совет барање да ја отворат неговата претставка и за ова поднесено барање нема никаков одговор сеуште.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 10.05.2024 година, до [redacted] од Државниот управен инспекторат испрати Барање за произнесување по наводите од претставката.

На 28.05.2024 година до Комисијата за спечување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на [redacted] од Државен управен инспекторат.

Во одговорот е наведено дека во целост се неосновани наводите во претставката. По однос на наводите на подносителот во претстава дека Записникот од извршениот увид дека е потпишан од неовластено лице, Весна Миланова наведува дека истиот е доставен до субјектот на надзор за негово потпишување и произнесување, примен на ден 11.12.2023 и истиот е вратен потпишан на 12.12.2023 година согласно член 82 став 4 од Законот за инспекциски надзор, од страна на [redacted]. Предвид наведеното во целост се неосновани наводите дека како управен инспектор прифатила потпишан записник од неовластено лице. Понатаму, во претставката е наведено дека при извршениот увид, констатирано е дека со инспекциската служба раководи административниот службеник [redacted]-раководител на одделение за инспекциски надзор од категоријата Б раководни административни службеници, ниво Б4-виш инспектор, со шифра ИНС 0101 Б04 001, распореден на работно место Виш инспектор за инспекциски надзор.

Меѓутоа, во извршениот редовен увид, е констатирано дека лицето [redacted] не е инспектор и поради тоа не може да приложи лиценца за увид, ниту предмети кои што ги работел бидејќи тој само одел на терен, туку утврдувал недостатоци и потоа само им помагал на останатите колеги но не изготвувал записници и други инспекциски акти. Понатаму, во увидот во Месечниот план за работа на секој инспектор во одделението за инспекциски надзор за месец ноември бр. 18-1788 од 30.10.2023 година каде што [redacted] не е во прегледот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, утврдено е дека во Општина Чаир со донесување на Решение за распоредување и определување на плата на административниот службеник [redacted] број 09-275 од 01.02.2016 година, Решение за определување и додаток на плата на инспетор [redacted] број 09.-7 од 02.01.2020, Решение за определување и додаток на плата на инспекторот [redacted] број 09-2327 од 05.01.2022 година-превземени се дејствија спротивно на одредбите од Законот за инспекциски надзор во однос на назначување на службеното лице [redacted] за раководител на одделение за инспекциски надзор-Виш инспектор со ниво Б4. Имено истиот спротивно на член 46 од Законот за инспекциски надзор нема службена легитимација и значка со која го докажува своето

својство, идентитет и овластувања, како и статусот на инспектор кој што е јасно утврден во член 3 став 1 точка 3 од Законот за инспекциски надзор согласно кој "инспектор е службено лице со овластувања, одговорности, права и обврски утврдени со закон, кое врши инспекциски надзор". Спротивно на член 48 став 2 од Законот за инспекциски надзор прима додаток на плата заради постоење на висок ризик по живот и здравје при извршување на работите и задачите на инспектор во висина од 30% од износот на основната плата иако не ги извршува работите согласно Законот за инспекциски надзор, не излегува на терен и не поведува инспекциски постапки, и покрај тоа што согласно член 58 став 3 од Законот за инспекциски надзор работните задачи на раководните инспектори (категорија Б) задолжително вклучуваат вршење на инспекциски надзор и тоа најмалку 35% од месечното работно време.

За отстранување на утврдените недостатоци од стара на управен инспектор донесено е Решение Ип1 бр. 09-1662 од 18.12.2023 година со кое СЕ НАРЕДУВА на Висар Ганиу Градоначалник на општина Чаир, да преземе мерки и дејствија за отстранување на неправилностите и недостатоците утврдени во Записник Ип1 број 09-1662 од 29.11.2023 година, односно наредено е, [redacted]-Виш инспектор за инспекциски работи да биде распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно месо за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација-согласно со член 43 став 1од Законот за вработени во јавниот сектор во рок од 5 дена од прием на Решението.

При извршен контролен инспекциски надзор на ден 11.02.2024, констатирано е дека од страна на Висар Ганиу-градоначалник на општина Чаир постапено е по Решението Ип1 бр. 09-1662 од 18.12.2023 и со Решение број 09-1955/9од 26.12.2023 година за распоредување и определување на плата на административниот службеник, лицето [redacted] се распределува на работно место-Раководител на одделение за спроведување на урбанистички планови во Сектор урбанизам. Поради тоа, Управен инспектор постапката спрема контролираниот субјект ја запрел согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Во одговорот исто така е наведено дека во однос на фактот дека постапувањето на Весна Миланова како инспектор е различно и неповолно во однос на другите инспектори, во целост се неточни од причина што во записникот на кој се повикува 11-1344 од 15.11.2022 година како и од страна на друг управен инспектор е УКАЖАНО на записник бр. 12-1523 од 29.11.2021 година дека "извршувањето на работите и работните задачи што со надлежност на инспекциската служба на Општината треба да ги извршува инспектор со лиценца за областа за кое има заснован работен однос, односно секој инспектор да презема инспекциски мерки и дејствија од таа област, треба да има лиценца за областа односно да има засновано работен однос во таа област во согласност со Законот за инспекциски надзор и согласно барањето бр. 03-696/13 од 07.10.2019 година на Инспекциски совет за доставување на податоци за инспекторите во инспекциска служба на Општината за истите да се лиценцираат и преземаат мерки и активности во областа за која се лиценцирани".

Следствено на горенаведеното и изнесените факти за директна дискриминација кон подносителот од страна на [redacted] поради различно постапување во однос на другите колеги-инспектори, во конкретниот случај укажано е и на Законот за инспекциски надзор каде во член 11 утврдено е дека "Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежност,


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

утврдени со Законот за инспекциски надзор или друг закон, е самостоен и независен во вршењето на инспекциски надзор и во преземањето на инспекциски мерки утврдени со закон."

Во договорот од [redacted] од Државен управен инспекторат, како доказ за сето горенаведено приложени се следните дописи:

-Записник Ип1 број 09-1662 од 29.11.2023 година,

-Решение Ип1 број 09-1662 од 18.12.2023 година,

-Записник Ип1 број 09-1662 од 11.01.2024 година,

-Месечен план за работа на секој инспектор во одделението за инспекциски надзор за месец ноември 2023 година број 18-1788 од 30.10.2023 година,

-Решение за распоредување и определување на плата на административен службеник број 1955/9 од 26.12.2023 година,

-Записник број 12.1523 од 29.11.2021 година,

-Лиценца за инспектор [redacted] број Б831020001 од 31.01.2020 година,

-Лиценца за инспектор [redacted] број Б831020001 од 31.01.202 година,

-Лиценца за инспектор [redacted] број Б831020001 од 31.01.2020 година,

-Известување за достава на предмет на надлежност број 09-944/1 од 13.12.2023 година од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

-Писмен допис Претставка број 02-5774/6 од 29.12.2023 година од Министерство за транспорт и врски,

-Писмен допис-Доставување предмет на запознавање Ип1 број 09-1662 од 12.01.2024 година од Основно јавно обвинителство.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација во областа на работа и работни односи. За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице **во исти или слични услови**, врз некоја од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата констатира дека во конкретниот случај не само што не станува збор за дискриминација туку и дека дел од наводите се однесуваат на истакнато сомнение за можни елементи кои квалификуваат кривично дело (Спротивно на член 48 став 2 од Законот за инспекциски надзор-прима додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршување на работите и задачите на инспектор во висина на 30 % од износот на основната плата иако не ги врши работите согласно Законот за инспекциски надзор, не излегува на терен и не поведува инспекциски постапки, и покрај тоа што согласно член 58 став 3 од Законот за инспекциски надзор работните задачи на раководните инспектори-категорија Б задолжително вклучуваат вршење на инспекциски надзор и тоа најмалку 35% од месечното работно време), заради што оформениот е предмет Ип1 број 09-1622 од страна на [redacted] кој што е доставен до Основно јавно обвинителство на запознавање и понатамошно постапување со писмен допис Ип1 број 09-1622 од 12.01.2023 година.

Понатаму, констатирано е дека и од страна на други институции е утврдена неправилност во работењето на подносителот [redacted] односно до Државниот управен инспекторат и од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам доставен е писмен допис број 09-944/1 од 13.12.2023 година-Известување со достава на предмет на надлежност, примен и заверен во овој орган под Ип1 број 09-1783 од 13.12.2023 година **во која се укажува дека при вонреден инспекциски надзор на Општина Чаир воочено е дека [redacted] назначен на раководител на одделение за инспекциски надзор Виш инспектор со нив Б4 нема службена легитимација и значка.**

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на [redacted], врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД